British Embassy
Skopje

FINANCE THINK
OUT OF THE BOX

# ПОВИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ИНТЕРЕС

за подготовка на сторија My story во рамки на проектот ФИСКАСТ+: Фискалната транспарентност и одговорност ги подобрува политиките во областите квалитет на живот, образование и здравство

1. Цел на повикот

Дали некогаш сте се сочиле со проблем при добивање на здравствена услуга? Или сте барале средства од Фондот за здравствено осигурување, но не сте ги добиле и покрај тоа што сте имале потполно право на тоа? Вашето дете не може да оди во градинка бидејќи во вашето населено место воопшто нема градинки? Ви ја укинале социјалната помош без соодветна причина и образложение за тоа?

Раскажете ни ја вашата приказна за искуството со системот, правото на (не)искористување на одредени права и можности или препреки со кои се соочиле во трите области од интерес на истражувањето: квалитет на живот, образование и здравство.

2. Општи информации

Институтот за економски истражувања и политики Finance Think, Скопје, со поддршка од Британска Амбасада, Скопје, го спроведува проектот ФИСКАСТ+: Фискалната транспарентност и одговорност ги подобрува политиките во областите квалитет на живот, образование и здравство чија цел е да се истражи ефикасноста и квалитетот на избрани политики во областите на квалитет на животот, образование и здравство, преку јавна дебата и решенија за политиките кои произлегуваат од податоци и докази.

Повикот е наменет за сите граѓани кои сакаат да ја пренесат својата приказна за искуството со системот, правото на (не)искористување на одредени права и можности или препреки со кои се соочиле во трите области од интерес на истражувањето: квалитет на живот, образование и здравство.

Ќе бидат избрани 5 најинтересни стории кои дополнително ќе се доработуваат. Секое избрано лице ќе добие финансиски надомест од 10.000 денари. Изборот ќе го врши проектинот тим на Finance Think во соработка со Британска Амбасада.

British Embassy Skopje

FINANCE THINK OUT OF THE BOX

3. Начин на пријавување

На повикот може да учествуваат сите лица кои ги исполнуваат следниве два критериуми:

1. Да се граѓани на Република Македонија; и
2. Да се на возраст од најмалку 18 години.

Заинтересираните лица треба да поднесат пополнета апликација на електронската адреса despina.tumanoska@financethink.mk, најдоцна до 19 септември 2016 година, со назнака My story. Апликацијата може да се превземе тука.